Доц. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска докторирала со почести (*magna cum laude*) на Правниот факултет при Универзитетот во Келн, Германија, под менторство на проф. д-р Анџелика Нусбергер. Работела како истражувач во рамките на проектот Curriculum Resource Center при Централниот Европски Универзитет во Будимпешта, како и за Универзитетот од Сиена во рамките на проектот за имплементација на Протоколот од Кјото. Исто така, била ангажирана на бројни проекти поддржани од Европската унија во земјата и во странство. Учествувала на конференции и била поканета да оддржи гостински предавања на повеќе странски универзитети, меѓу кои се издвојуваат - Queen Mary University of London; College of Europe, Bruges, Belgium; University of Oslo; Leicester University; Swedish Institute for European Policy Studies; University of Warsaw; University of Siena; University of Ljubljana. Автор е на повеќе трудови од областа на меѓународните политички односи и надворешната политика на ЕУ кои се објавени во реномирани меѓународни научни списанија како на пример - Journal of Common Market Studies; Croatian Yearbook of European Law and Politics; Croatian International Relations Review.